РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1381/2
15-07-2025 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETEROR PER PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 20-та седница одржана на 04.07.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под бр. 12-1381/1 од 22.04.2025 година, поднесена против Претседателот на Основен суд ----, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што за пријавените наводи е надлежен да постапува друг орган.

Пријавата да се достави до Судски совет на Република Северна Македонија.

Предметот со бр. 12-1381/1 од 22.04.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 22.04.2025 година, поднесена е пријава против Претседателот на Основен суд ----.
Пријавата која е адресирана до Судскиот совет на РСМ, а е доставена и до ДКСК, содржи реакција, односно одговор упатен до Судскиот совет на РСМ во врска со доставено Известување на претставка со УПП бр. 08-6/1 од 09.01.2025 година.

Подносителот наведува дека бил незадоволен од доставениот одговор на неговото барање, бидејќи Претседателот на Основен суд ---- не одговорил соодветно на тоа што подносителот на пријавата го барал во врска со незавршениот П. Бр. 1178/95 на горенаведениот суд, а кој се однесувал на дадена позајмица, евидентирана во соодветни договори, а која сеуште не била вратена.

Согласно пропишаното во член 36 став 1 од Законот за судскиот совет („Службен весник на РСМ" 102/2019), Судскиот совет на Република Северна Македонија е надлежен да ја следи и оценува работата на судиите, односно е надлежен да постапува по претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите.

По разгледувањето на предметните наводи и релевантните законски одредби, ДКСК констатира дека во случајот по пријавените наводи односно дејствија, друг орган е надлежен да постапува поради што предметната пријава ќе се достави до Судски совет на Република Северна Македонија.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**

м-р Билјана Каракашова Шулев

Изработил: М-р В.З, Виш соработник
Контролирал: М-р К.З, Раководител на одделение
Согласен: М-р И.П, Раководител на сектор
Одобрил: З.Б, Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата